Врз основа на член 24-а став 17 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05,35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/1598/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020) министерот за образование и наука утврди

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование бр. 19-2249/1 од 05.03.2013 година и бр.20-2928/1 од 02.03.2017 година, во член 5 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Доколку на Јавниот повик се пријаваат две или повеќе здруженија кои ги исполнуваат условите согласно член 24-а став 8 од Законот за средното образование, Комисијата за акредитација на здруженија на наставници одлучува врз основа на дополнителни критериуми и тоа:

-бројот на наставници коишто членуваат во здружението,

-бројот на наставници од здружението коишто како ментори учествувале на меѓународни натпревари/олимпијади и

-добиените награди за освоени места на меѓународни натпревари/олимпијади каде што ментори биле наставници од здружението.

Ставовите 4, 5 и 6 стануваат ставови 5, 6 и 7.

**Член 2**

Во членот 6 во ставот 1 се додава нова алинеја која гласи:

„-поради непочитување на одредбите од Законот за средното образование и овој правилник.“

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр.13-5583/1**

**29.03.2021 година** — **Министер за образование и наука,**

**Скопје** — **Мила Царовска с.р.**